Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-124/5
20.04.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-124/1 од 22.02.2022 година, поднесена од [redacted] од Неготино против Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 20.04.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Неготино во областа на работа и работни односи од страна на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 22.02.2022 година до Комисијата со поднесување на Претставка бр. 08-124/1, се обрати лицето [redacted] од Неготино, вработена во Основен суд Неготино на работно место самостоен судски референт.
Во претставката подносителката навела дека врз неа е сторена дискриминација од страна на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Според подносителката дискриминацијата е сторена со тоа што именуваната Државна комисија погрешно толкувала препорака од работодавач за работен ангажман на подносителката, а која препорака била дел од доказниот материјал во првостепената и второстепената постапка пред Државната комисија. Таквото толкување, односно ценење на препораката како доказ од страна на Државната комисија, според подносителот на претставката претставува дискриминација спрема неа, затоа што со тоа и се ускратени нејзините права како рамноправен кандидат во конкурирање на јавни огласи воопшто. Кон претставката подносителката приложи списи како поткрепа на изнесените наводи.
Имено, согласно наведеното во претставката, подносителката како вработена во Основен суд Неготино се пријавила на јавен оглас бр. 2/2020 за вработување на судски службеници на неопределено време и по спроведената постапка за вработување, како кандидат за вработување кој бил одбиен од причини што не исполнувала услов за

работно искуство од една година во струката, ја обжалила одлуката на Комисијата за селекција за вработување до Советот на судска служба. Советот ја усвоил жалбата на подносителката и ја укинал Одлуката на Претседателот на Основен суд Неготино Су 04 бр. 35/21 од 22.04.2021 и предметот го вратил на повторно постапување во фазата на административна селекција, од причини што според Советот, Комисијата за селекција за вработување неправилно ја утврдила фактичката состојба во однос на условот за работното искуство. И покрај решението на Советот, постапката за вработување повторно не е спроведена во фазата на административна селекција по упатствата на Советот. Подносителката и по таквиот развој на настаните, поднела претставка до Државниот инспекторат за труд, по што е спроведен инспекциски надзор и е донесено решение за изрекување на инспекциска мерка опомена, со кое му се наложува на Основен суд Неготино да ја поништи последната донесена одлука и да спроведе административна селекција по јавен оглас бр. 02/2020. Таквото решение на инспекторатот е обжалено од страна на Основен суд Неготино и во второстепената постапка спроведена по жалбата од страна на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е донесено решение со кое се поништува решението на инспекторатот.

Според подносителката на претставката, Државната комисија со своето решение извршила погрешно толкување на препораката од в.д. претседателот на Основен суд Неготино [redacted] и на тој начин е извршена дискриминација врз неа. Од тие причини таа поднела претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, воедно барајќи и толкување од страна на Комисијата на горенаведената препорака.

Комисијата согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја достави горенаведената претставка со Известување бр. 08-/3 од 08.03.2022 година до именуваната Државна комисија.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка со Известување бр. ИП2 бр. 08-74/3 доставено до Комисијата на ден 29.03.2022 година се изјасни за наводите во претставката. Во известувањето Државната комисија во однос на наводите се изјаснува дека истата одлучувала во второстепена постапка по жалба на Основниот суд Неготино согласно жалбените наводи и дека се ценети подеднакво сите приложени докази кон предметот, при што утврдила дека првостепениот орган – Државниот инспекторат за труд погрешно ја утврдил фактичката состојба, бидејќи прифаќал докази во однос на работното искуство кои не биле приложени кон пријавата во постапката за вработување.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката, односно изнесените факти и околности, заедно со приложената документација кон истата, и ценејќи ги наводите во изјаснувањето на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка утврди дека не е сторена дискриминација од страна на Државната комисија.

Ваквата одлука Комисијата ја темели на фактот што видно од изнесените факти и околности во конкретниот случај се работи за водење на второстепена управна

постапка од страна на државен орган. Комисијата смета дека утврдувањето на фактичката состојба со ценење на доказите од страна на Државната комисија, не може да претставува дискриминација во смисла на членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Понатаму, Комисијата смета дека со утврдувањето на фактичката состојба, Државната комисија не ја ставила подносителката на претставката во понеповолна положба споредбено со други лица во иста или слична фактичка ситуација, ниту пак со тоа ја спречила или ограничила во остварувањето на одредено право поради ценењето на препораката за работното искуство како приложен доказ.

Толкувањето, односно ценењето на таквата препорака од страна на Државната комисија претставува субјективно толкување и е само за целите на второстепената постапка. Со тоа не се ограничува содржината и смислата на препораката, истата да може да се користи и во други постапки за вработување или други цели поврзани со интересите на подносителката.

Според Комисијата наведениот основ во претставката на подносителката е предмет на управен спор. Дали е правилно или не утврдена фактичката состојба претставува основ за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Подносителката на претставката во согласност со членот 24 став 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019), поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката која му претходела на актот, може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Оттука, Комисијата имајќи го во предвид горенаведеното, го донесе ваквото мислење.
Притоа, Комисијата и посочува на подносителката на претставката согласно наводите во истата, да го искористи правото на тужба за поведување на управен спор.

Скопје,
20.04.2022 година

Претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Кире Василев

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка*
- *Архива на КСЗД*